ISSN-1409-7664

# Б И Л Т Е Н 7

2000 год.

*Издава*

СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*За издавачот:*
д-р Љубомир Јакимовски, Претседател на Советот
Миљаим Фетаи, Заменик на Претседателот
Академик Ташко Георгиевски, член
Олег Дементиенко, член
Марин Димески, член
Владимир Крстевски, член
м-р Марио Макрадули, член
Шабан Салиу, член
Милош Симоновски, член

Илинденска 9, 1000 Скопје
Тел. 129-084; 109-338; 109-339
Факс: 109-338
http: www.srd.org.mk
e-mail: sovet@srd.org.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА

**во времето од 1 јули 1999 до 30 јуни 2000 година**

## Содржина:


Вовед ..... 7

Состојби во емитувањето - овластени субјекти за емитување програма ..... 9
- Земско емитување ..... 9
- Сателитско емитување ..... 9
- Дистрибуција на радио и телевизиски програми преку кабелска мрежа ..... 10

Радио и телевизиски програми ..... 11
- Остварување на програмските барања и ограничувања ..... 11
- Почитување на основните принципи за создавање и емитување на програмите ..... 11
- Обем на емитувана програма ..... 12
- Програма од сопствено производство и покривање настани од локалното подрачје ..... 12
- Обврска за секојдневно емитување сопствена информативна програма ..... 12
  - Недозволени содржини во програмите ..... 12
- Почитување на одредбите за рекламирање и спонзорство ..... 13
- Обврска за водење евиденција на програмата и доставување снимки, податоци и известувања ..... 15
- Обврска за обезбедување право на одговор и на исправка ..... 15
- Реемитување странски програми ..... 15
  - Јазикот на кој се емитува програмата и негувањето на литературниот јазик ..... 16
- Мониторинг на медиумското покривање на кампањата за претседателските избори во 1999 година ..... 16
- Истражувања и проекти поврзани со програмите ..... 17
  - Плурализмот во информирањето ..... 17
  - Заштитата на децата и на младите од содржините со насилство и со порнографија на телевизијата ..... 17
  - Континуирани испитувања на публиката ..... 17
  - Публиката на медиумите ..... 18
- Почитувањето на авторските и на сродните права ..... 18

Комуникација со гледачите и со слушателите ..... 19

Поддршка на радио и телевизиската продукција ..... 20

Технички услови за емитување и за производство на радио и телевизиските програми ..... 21
- Предавателна техника ..... 21
- Сателитски телекомуникациски центар "Нова Брезница" ..... 21
- Студиска опрема ..... 21
- Технички и технолошки развој: дигитализација ..... 22

Економски услови за работа на радиодифузерите и мерки за стимулирање ..... 23
- Економски показатели ..... 23
  - а) Јавен сектор ..... 23
  - б) Приватен сектор ..... 23
- Приходи од реклами ..... 23
- Мерки за стимулирање ..... 24

Надзор врз спроведувањето на Законот ..... 25

Развој на радиодифузната регулатива ... 27

Радиодифузна такса ... 28

Меѓународна соработка ... 29

Соработка со Советот на Европа ... 29
Соработка со Европската комисија ... 29
Европска платформа на регулаторни тела (ЕПРА) ... 29
Соработка со ОБСЕ ... 29
Соработка со независните регулаторни тела од Европа ... 30
Соработка со другите меѓународни институции и асоцијации ... 30

Ресурси- кадровска, техничка   и финансиска поддршка ... 31

Јавност во работата на Советот ... 32

Заклучни согледувања ... 33

## Вовед

Согласно своите надлежности утврдени со Законот за радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија оствари повеќе активности, од кои неколку позначителни, и даваат белег на извештајната година.

Процесот на конституирање на трговските радиодифузни друштва, како носители на радиодифузната дејност во приватниот сектор, беше заокружен со што се создадоа претпоставки за дејствување на пазарните услови на работење во радиодифузниот сектор. Определен број концесионери кои не успеаја да се прилагодат на новите услови за работа, односно не беа во можност да ги исполнат утврдените законски и договорни обврски, го изгубија правото да вршат радиодифузна дејност.

Во овој период започна и практично да се реализира законското решение за финансирање проекти од јавен интерес на трговските радиодифузни друштва и на независните продуценти од средствата од радиодифузната такса. Покрај реализацијата на проектите финансирани со првиот оглас и нивната евалуација, согласно со утврдена постапка и услови, беше распишан и Втор оглас на кој за финансирање се пријавени двапати повеќе проекти во однос на Првиот оглас, со разновидна тематска, жанровска и продукциска структура.

По завршувањето на подготвителните активности за распишување на првиот конкурс за доделување концесии за кабелска дистрибуција, на предлог на Советот, во март 2000-та година, Владата распиша конкурс за доделување концесии за кабелски мрежи. Со тоа радиодифузниот сектор во Македонија се збогатува со нови субјекти - кабелски оператори, а за граѓаните се отвораат можности за добивање нови сервиси.

Во април 2000-та година, со започнувањето на емитувањето на програма од Македонија за Европа и за Австралија, преку сателитскиот центар "Нова Брезница", Македонија се вклучи во планетарната сателитска комуникација.

Оваа година Советот технички и кадровски ја комплетира единицата за мониторинг на радиодифузните програми. Почнувајќи од јануари 2000-та година, е воспоставен континуиран мониторинг на сите радио и телевизиски програми што се емитуваат на национално ниво.

Реализирана е првата фаза од проектот "Заштитата на децата и младите од содржините со насилство и порнографија на телевизијата", чија цел е да се изработи систем на категоризација и на сигнализација на програмите, како основа за донесување саморегулациски документ во оваа сфера.

Изминатата 1999-та година ја одбележаа и претседателските избори. Советот усвои Правила за медиумско покривање на кампањата и по вторпат организираше мониторинг на покривање на изборите како мошне значаен политички процес.

Особено се значајни активностите на Советот за развој на радиодифузната регулатива. Во април 2000-та година се одржа Работилница за радиодифузната регулатива, во соработка со Советот на Европа. Советот за радиодифузија, постапувајќи по еден од заклучоците на оваа Работилница, покрена иницијатива за пристапување на Република Македонија кон Конвенцијата за прекугранична телевизија на Советот на Европа.

Советот презеде и конкретни активности за поттикнување на саморегулативата. Во тек е подготовката на Кодекс за етиката на рекламирањето и Кодекс за лојална конкуренција.

Спречувањето на пиратството во македонскиот етер, исто така, беше една од значајните преокупации на Советот во овој период. Во соработка со Европската комисија, а во рамките на програмата ФАРЕ, во ноември 1999 година, е одржан меѓународен семинар на тема "Против пиратството во македонскиот етер". Советот презема и низа конкретни активности за почитување на авторското право и на сродните права, од страна на радиодифузерите, посебно во делот на емитувањето на аудиовизуелни дела (филмови и филмски серии) и на преноси од спортски настани.

## Состојби во емитувањето - овластени субјекти за емитување програма

### Земско емитување

Задачите на Советот за радиодифузија како регулаторно тело, во периодот по неговото конституирање, беа главно поврзани со спроведувањето на постапките за давање концесии за вршење радиодифузна дејност, а во функција на конституирање на новиот приватен сектор во земската радиодифузија во Македонија.

Со спроведувањето на постапките по трите конкурси за доделување концесии беа конституирани трговските радиодифузни друштва, како вршители на радиодифузната дејност во приватниот сектор. Завршувањето на постапката за техничка легализација (издавање дозволи за работа на радиостаници од страна на Министерството за сообраќај и врски) на трговските друштва, треба да обезбеди заокружување на процесот за конституирање на приватните радиодифузни субјекти[1].

Со конституирањето на трговските радиодифузни друштва и со нормативното дообликување на јавните радиодифузни претпријатија - Македонската радио-телевизија и Македонска радиодифузија, и формално е остварен плурализам во сферата на електронските медиуми во Македонија.

Денес, во Македонија, радио и телевизиска програма емитуваат 30 субјекти во јавниот и 111 субјекти во приватниот сектор. Во јавниот сектор програма емитуваат: Македонската радио-телевизија (на три телевизиски и на пет радио канали) и 29-те локални радиостаници, од кои 12 емитуваат и телевизиска програма. Во приватниот сектор програма емитуваат: 111 трговски радиодифузни друштва, од кои 4 на национално ниво (2 радио и 2 ТВ мрежи) и 107 на локално ниво (58 радио и 49 ТВ станици)[2].

Во овој контекст, треба да се одбележи дека сé уште е нерешен статусот на локалните радиостаници. Од 29 локални радиостаници во чиј состав работат и 12 телевизии, само пет го усогласиле своето работење со законските одредби (Радио Пробиштип, Радио Кратово, Радио Неготино, Радио Тетово и Радио Демир Хисар), а во другите основачките права ги врши Владата на Република Македонија. Ова прашање беше предмет на расправа на трибината што ја организираше Советот за радиодифузија во март 2000 година.

### Сателитско емитување

Во април 2000 година Македонија го започна емитувањето на сателитска програма за Европа и за Австралија, преку сателитскиот комуникациски центар "Нова Брезница". Со ова на гледачите од Европа и од Австралија им е овозможено да следат програма што ја подготвува Македонската радио-телевизија, во текот на 24 часа. Преку иницирање и координирање на повеќе активности Советот за радиодифузија даде значаен придонес во реализацијата на овој проект, а беше и еден од иницијаторите на активностите за зачленување на Република Македонија во организацијата за сателитска комуникација ЕУТЕЛСАТ.

Имајќи предвид дека Македонската радио-телевизија го користи 24 часа сателитскиот канал, во моментов не постојат можности во сателитското емитување да се вклучат и приватните дифузери. Согласно својата регулаторна улога, Советот ќе се ангажира на утврдување на програмски, на продукциски и на технички стандарди и критериуми, кои ќе гарантираат недискриминаторен пристап кон сателитското емитување на програмата и од приватните дифузери. Со ова Советот настојува привремено да се компензира отсуството на регулатива сé до донесувањето на измените и на дополнувањата на Законот за радиодифузна дејност.

---

[1]) Од склучувањето на Договорите до издавањето на дозволите, постои разлика од првобитно декларираната и од реализираната динамика на Министерството за сообраќај и врски. Иако издавањето на дозволи за работа требаше да заврши во првата половина на 1999 година, според податоците од Министерството за сообраќај и врски досега се издадени само 72 дозволи за работа на радиостаници на локално ниво. Советот постојано укажуваше на потребата од побрза процедура на издавање на дозволите.

[2]) Податоците се заклучно со 30 јуни 2000-та година. Прегледот на трговските радиодифузни друштва е даден во Прилог бр. 1.

**Дистрибуција на радио и телевизиски програми преку кабелска мрежа**

Отсуството на конкретна регулатива во врска со техничките услови за проектирање, изградба, одржување и употреба на кабелските мрежи и на условите за дистрибуција на радио и на телевизиските програми преку кабелските мрежи, ја забави постапката за доделување концесии за кабелска дистрибуција.

Советот за радиодифузија уште во 1998 година ги започна подготовките за доделување концесии за кабелска дистрибуција. Во текот на 1999 и во почетокот на 2000 година, со поддршка на надворешни експерти, Советот ги утврди општите, посебните, техничките, програмските и другите услови (тендерската документација) за кабелска дистрибуција на радио и ТВ програмите, како и пошироките подрачја на кои можат да се градат кабелските мрежи. Предлогот на Советот за распишување конкурс за доделување концесии за кабелски мрежи со тендерска документација беше прифатен од страна на Владата на 7 март 2000-та година.

На објавениот конкурс, кој заврши на 13 јуни 2000-та година, беа поднесени 60 пријави. Пристигнатите пријави ќе бидат разгледани од независни експерти именувани од Советот, а постапката се очекува да заврши до крајот на септември 2000-та година.

## Радио и телевизиски програми

### Остварување на програмските барања и ограничувања

Согласно член 83 од Законот за радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија е овластен да го следи спроведувањето на одредбите од Законот во однос на создавањето и на емитувањето на радиодифузните програми, како и остварувањето на договорите за концесија.

За да обезбеди сеопфатно и континуирано остварување на оваа своја функција, почнувајќи од 1 јануари 2000 година, Советот за радиодифузија воспостави систем на редовно следење на програмите на радиодифузните организации[3].

Резултатите од следењето на програмите во периодот од јануари до јуни 2000 година упатуваат на повеќе констатации за мерата во која радиодифузерите ги исполнуваат програмските барања и ограничувањата утврдени со Законот и со договорите за концесија.

### Почитување на основните принципи за создавање и емитување на програмите

Следењето на почитувањето на овие обврски (утврдени со чл. 8 и чл. 31 од Законот за радиодифузната дејност) од страна на радиодифузерите спаѓа во една од најсложените задачи на мониторингот, како поради методолошката сложеност на овој зафат (неопходноста од континуирана квантитативна и квалитативна анализа на вестите, на информативните и на дел од другите програми), така и поради потребата тоа следење на програмата да се остварува во континуитет, во текот на подолг временски период.[4]

Посебно значајно прашање, кое е регулирано со основните начела на кои треба да се засновуваат програмите, е обврската на радиодифузните организации за зачувување и за негување на националниот идентитет, на јазичната култура и на домашното творештво. На ова прашање Советот за радиодифузија континуирано му обрнуваше големо внимание, набљудувајќи го во поврзаност со другите одредби за програмите, особено со прашањето за реемитувањето странски програми, јазикот на кој се емитуваат радиодифузните програми, употребата на литературниот јазик во програмите и уделот на програмата од сопствено производство во вкупната програма на радиодифузерот. Неопходно е да се напомене дека голем број радиодифузери (особено на локално ниво) сé уште на програмите емитуваат или реемитуваат големи блокови странски забавни програми и музика, раководејќи се притоа само од потребата да "ја пополнат" програмската шема со бесплатна програма и не размислувајќи подлабоко за културните аспекти на нивните програми и за потребите и за интересите на својата публика. Посебно заслужува да се спомене појавата на т.н. блокови со "поздрави и честитки", кои на одделни телевизии траат и по неколку часови (при што се емитува најчесто само неквалитетна музика и честитки на гледачи или слушатели).

Во последно време, посебно изразена на телевизиите на локално ниво е појавата на одложено реемитување на музичко-забавни програми, со цел да се привлечат повеќе гледачи, а следствено и повеќе реклами и спонзорство. Имено, некои локални телевизиски станици секојдневно, и тоа во ударните термини, реемитуваа по два до три часа музичко-забавна програма на белградскиот сателитски ТВ канал "Пинк", во рамките на која се емитува турбо-фолк и новокомпонирана музика. На ова често реагираат другите радиодифузери кои се грижат да обезбедат повисок квалитет во своите програми и негување на културните традиции.

---

[3]) Програмите на јавниот радиодифузен сервис и на трговските радиодифузни друштва на национално ниво се следат континуирано, а на локалните радиодифузери во временски појаси од неколку дена, на секои три месеци. Повремено, се прават и анализи на програмските шеми на неделната емитувана програма на одделни медиуми. Покрај редовното следење на програмите, се реализираат и два посебни проекти: "Плурализмот во дневно-информативните емисии" (квартални анализи во текот на годината) и "Мониторинг на медиумското покривање на изборните кампањи".

[4]) Една од целите на проектот "Плурализмот во дневно-информативните емисии" ќе биде да се утврди почитувањето на некои од овие принципи. Извештаите од ваквите анализи ќе бидат објавувани во посебна публикација на Советот за радиодифузија.

**Обем на емитувана програма**

Обврската радиодифузерите да емитуваат определен број часови дневно (чл. 37 од Законот и чл. 5 од договорот за концесија) ја исполнуваат речиси сите јавни радиодифузни претпријатија[5] и сите концесионери, со оглед на фактот што е едно од основните програмски барања. За радиодифузерите кои емитуваат програма на територијата на РМ и за најголем број радиодифузери на локално ниво тоа е потврдено и со редовниот мониторинг. За одделни концесионери е констатирано дека не започнале со емитување редовна програма, односно престанале со емитување програма (ТВ Лисица од Скопје и ТВ Кале од Кичево).

**Програма од сопствено производство и покривање настани од локалното подрачје**

Учеството на програмата од сопствено производство во вкупно емитуваната програма на радиодифузерот во текот на една седмица, треба да изнесува најмалку 40% (чл. 41 од Законот и чл. 6 од договорот за концесија). Исполнувањето на ова програмско барање се утврдува со анализа на програмската шема, а уште попрецизно со анализа на емитуваната неделна програма на радиодифузерот.

Од досегашното следење е констатирано дека и јавниот радиодифузен сервис на национално ниво и сите три концесионери на територијата го исполнуваат овој услов.

За јавните радиодифузни претпријатија и за концесионерите на локално ниво податоците се делумни, затоа што се направени анализи на програмските шеми, односно на емитуваната програма само на ограничен број радиодифузери[6].

Радиодифузните организации на локално ниво имаат обврска, во рамките на сопствената програма, да обезбедуваат и најмалку 30% информации за настани од локалното подрачје. Општа констатација од досегашното следење на програмите е дека оваа обврска не ја исполнуваат сите радиодифузери на локално ниво, а особено радиостаниците[7].

**Обврска за секојдневно емитување сопствена информативна програма**

Според чл. 41 од Законот и чл. 7 од договорот за концесија, обврска секојдневно да емитуваат сопствени информативни програми имаат само јавниот радиодифузен сервис и концесионерите на територијата. Оваа обврска ја исполнуваат и Македонската радио-телевизија и сите три концесионери на територија.

*Недозволени содржини во програмите*

Следењето на остварувањето на одредбите што се однесуваат на недозволени содржини во програмите (чл. 35 од Законот и чл. 9 од договорот за концесија) покажа дека овие одредби не се почитуваат особено во однос на забраната за емитување непристојни содржини, содржини со порнографија и со насилство, односно содржини кои можат штетно да влијаат на телесниот, на духовниот или на моралниот развој на децата и младинците.

Констатација е дека речиси на сите телевизии, во периодот пред 24:00 часот, се емитуваат филмови што содржат сцени со брутално насилство или филмови и други содржини со порнографски сцени.

---

5) Анализата на програмските шеми на одреден број јавни радиодифузни претпријатија (20 радио и 7 ТВ станици) покажа дека три радиостаници (Радио Ресен, Радио Демир Хисар и Радио Крива Паланка) нецелосно го исполнуваат овој услов, односно во сабота и во недела немаат доволен број часови програма. По укажувањето на Советот, Радио Ресен и Радио Демир Хисар го усогласија своето работење со Законот.

6) Од анализата на програмските шеми на јавните радиодифузни претпријатија на локално ниво, е констатирано дека процентот на сопствена програма кај радиостаниците се движи од 50 до 80%, а кај ТВ станиците од 30 до 60%. Од анализата на програмските шеми на 27 локални трговски радиодифузни друштва, е констатирано дека процентот на сопствена програма кај радиостаниците се движи од 30 до 40%, а кај ТВ станиците од 30 до 50%. Сепак, прецизни показатели за обемот на програмата од сопствено производство можат да се добијат само со анализа на емитуваната неделна програма.

7) За да се добие прецизна слика за покривањето на настаните од локалното подрачје во сопствената програма, е неопходно да се направат анализи на емитуваната неделна програма на сите радиодифузери на локално ниво, што претставува и временски и кадровски покомплексен зафат.

Посебно треба да се истакне примерот на т.н. реклами за "жешки линии" во рамките на кои се емитуваат и сцени со тврда порнографија, и тоа во период пред 24:00 часот. Советот им упати писмени предупредувања на сите радиодифузери кои емитуваа вакви реклами[8]. По упатените укажувања, радиодифузерите го префрлија времето на емитување на овие реклами по 24.00 часот[9]. Против оние кои продолжија со емитување содржини со порнографија, и покрај упатените писмени предупредувања, преземени се и мерки по основ на надзор.

**Почитување на одредбите за рекламирање и спонзорство**

Почитувањето на одредбите од Законот и договорите за концесија што го регулираат рекламирањето и спонзорството се област во која досега се утврдени најмногу отстапувања и тоа, како кај јавниот радиодифузен сервис и концесионерите на територија, така и кај радиодифузерите на локално ниво.

Рекламите треба да бидат вистинити и чесни, да не ја заведуваат јавноста, односно да не се против интересите на купувачите - корисниците на услугите (чл. 49 од Законот и чл. 11 алинеа 1 од договорот за концесија). Констатација е дека ретки се радиодифузерите кои размислуваат за оваа своја обврска при концепирањето на своите маркетинг блокови. Досега се забележани повеќе примери на реклами за чии содржини може да се каже дека не се вистинити и чесни. Најмногу примери беа забележани за рекламите на пиво, за препаратите за слабеење и за слични производи. Посебен пример на реклами кои се против интересите на гледачите-корисниците на услугите е обликот на рекламирање што во последно време многу често се забележува на телевизиските екрани - рекламите кои користат т.н. скапи телефонски линии. Потенцијална цел на ваквите реклами се најчесто децата и младите, кои во отсуство на родителите веројатно лесно посегаат по "користењето на услугите" што се нудат со овие реклами. Поради потребата потемелно да се анализира од овој аспект, досега не се упатени посебни укажувања на медиумите кои емитуваат вакви реклами.

Рекламите кои се упатени на децата или оние во кои учествуваат тие не смеат да содржат пораки што можат да ги повредат нивните интереси и да им наштетат на детската чувствителност и возраст (чл. 50 од Законот и чл. 11 алинеа 2 од договорот за концесија). Карактеристичен пример на реклами за чија содржина може да се каже дека ја повредува детската чувствителност и возраст се рекламите за "жешки линии".

Најмногу прекршувања се утврдени во однос на почитувањето на одредбите за максимално дозволеното времетраење на рекламите на еден час емитувана програма (чл. 51 од Законот и чл. 10 од договорот за концесија) Речиси сите набљудувани радиодифузери, во ударното време и во други атрактивни временски периоди, емитуваат блокови со реклами што траат повеќе од дозволеното[10].

Јавните радиодифузни претпријатија не можат да емитуваат телешоп, односно да вршат услуги кои претставуваат директна понуда за јавноста за: купување, продажба, распродажба и изнајмување производи или обезбедување услуги (чл. 51 став 4 од Законот). По упатените писмени предупредувања од страна на Советот, Македонската телевизија престана со емитување класични телешоп програми[11].

Рекламите треба да бидат јасно препознатливи и издвоени од другите делови на програмата (чл. 52 од Законот и чл. 11 алинеа 3 од договорот за концесија). Констатација е дека и некои од радиодифузерите на територијата и голем број радиодифузери на локално ниво не ја

---

[8]) Први или втори писмени предупредувања досега им се упатени на следниве концесионери: А1, Сител телевизија, ТВ 96, Скајнет, Канал 5, Телма, ТВ Здравкин, ТВ Кисс и ТВ Скајплус. Предлог за инспекциски надзор е упатен за ТВ Сител.

[9]) Одделни концесионери не само што продолжија да емитуваат вакви реклами, туку во ноќните часови жешките линии ги рекламираат емитувајќи и порнографски филмови.

[10]) Први или втори писмени предупредувања за непочитување на лимитите за рекламирање досега им се упатени на: МТВ, Сител, А1, Скајнет, ТВ Телма, ТВ МТМ, ТВ Интел, ТВ Вис, ТВ Миг, ТВ Гевгелија, ТВ Берово, ТВ Прилеп, ТВ Еми, ТВ Канал 21, ТВ Здравкин, ТВ Калтрина, ТВМ, ТВ Ирис, ТВ Орбис, КТВ 41, ТВ Боем, ТВ Ускана, ТВ Супер Скај, ТВ Коха, ТВ Арт, ТВ Кисс, ТВ Дуе и ТВ Глобус. Предлог за инспекциски надзор ѝ е упатен на МТВ.

[11]) Македонската телевизија, повикувајќи се на правно толкување на експерт од Европската радиодифузна унија, продолжува да ја емитува рекламата на "Космодиск", во изменет облик, што според ставот на Советот претставува скриена форма на телешоп програма.

почитуваат оваа обврска. Упатени им се писмени предупредувања на сите оние кај кои е констатирано ваквото отстапување[12].

Општо правило е дека рекламите треба да се емитуваат меѓу емисиите. Во рамките на емисиите, рекламите можат да се вметнуваат само доколку со нив не се нарушува интегритетот и вредноста на емисијата (чл. 54, 55 и 56 од Законот и чл. 11 алинеа 4, 5, 6 и 7 од договорот за концесија). Треба да се истакне дека најголем број отстапувања се утврдени токму во однос на овие одредби. Констатација е дека радиодифузерите, речиси без исклучок, не водат сметка за гледачот (или слушателот) кому му се наменети емисиите и дека на програмите, особено на телевизијата, емисиите прекумерно се прекинуваат со реклами. Овие правила не ги почитуваат и медиумите на националното и медиумите на локалното ниво. Констатираните прекршувања се однесуваат најчесто на прекинувањето на вестите (чие траење е помало од 30 минути)[13], на играните филмови пред 45-та минута[14], на спортските натпревари[15] во неприродните прекини и на други емисии.

Во однос на забраната за емитување реклами за одредени производи (чл. 57 од Законот и чл. 13 од договорите за концесија), најмногу забележани прекршувања се однесуваат на рекламите за цигари и за алкохол[16]. Прикриено рекламирање (чл. 11 алинеа 8 од договорите за концесија) досега е забележано само во однос на производите за кои постои стриктна забрана за емитување. Пример се рекламите за цигарите ("Босс", "Рондо", "Македонија"). Медиумите кои знаат дека постои стриктна забрана за рекламирање на овие производи продолжуваат со емитување скриена реклама за истите. Упатени им се писмени предупредувања на радиодифузерите кај кои се констатирани ваквите прекршувања, меѓутоа одреден број сé уште не го усогласија своето работење[17].

Од досегашното следење е констатирано дека радиодифузерите малку ги почитуваат и правилата за спонзорирањето на програмите (чл. 58, 59, 60 и 61 од Законот). Во практиката најчесто се случува спонзорот, наместо само да се идентификува на погоден начин на почетокот или на крајот на емисијата, постојано да се рекламира во текот на самата емисија, односно да се рекламираат неговите производи[18]. Освен тоа, најчесто се практикува во една емисија да се рекламираат производи на повеќе спонзори. Такви примери се емисиите "Дом и дизајн" и "Без паника" на А1 телевизија, а на Сител телевизија, "Несоница" и "Вашите пет минути". Забележани се само мал број примери на спонзорирање вести или други информативни програми[19].

---

12) Први или втори писмени предупредувања за непочитување на обврската рекламите да се издвојуваат од другиот дел од програмата досега им се упатени на: ТВ Сител, ТВ Скајнет, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Макспот, ТВ МТМ, ТВ Шутел, ТВ БТР, ТВ 96, ТВ Скопје, ТВ Интел, ТВ Миг, ТВ Гевгелија, ТВ Берово, ТВ Кавадарци, ТВ Еми, ТВ Кобра, ТВ Канал 21, ТВ Здравкин, ТВ Калтрина, НТВ Охрид, ТВМ, ТВ Ирис, КТВ 41, ТВ Скајплус, ТВ Кисс, ТВ Дуе и ТВ Глобус.

13) Први или втори писмени предупредувања за прекинувањето на вестите со реклами им се упатени на: А1, Сител, Канал 77, Телма, Канал 5, Скајнет, ТВ Глобус, ТВ Дуе, ТВ Кисс, ТВ Коха, ТВ Еми, ТВ Кобра и ТВ Кавадарци. Предлог за инспекциски надзор ѝ е упатен на Скајнет.

14) Први или втори писмени предупредувања за прекинувањето на играните филмови со реклами пред 45-та минута досега им се упатени на: ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ Канал 5, ТВ МТМ, ТВ Скопје, ТВ Миг, ТВ Гевгелија, ТВ Еми, ТВ Канал 21, НТВ Охрид, ТВМ, ТВ Ирис, ТВ Шутел, ТВ Кисс, ТВ БТР и ТВ 96.

15) Ова правило особено не го почитува Македонската телевизија, во врска со што Советот и упати две писмени предупредувања за време на одржувањето на Европското првенство во фудбал.

16) Први или втори писмени предупредувања за емитување реклами за алкохол досега им се упатени на: МТВ, А1, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ Ера, ТВ БТР, ТВ Тера, ТВ Орбис, ТВ Берово, Канал 21, ТВ Здравкин, НТВ Охрид, ТВМ, ТВ Ирис и ТВ Кавадарци. Предлози за инспекциски надзор им се упатени на: МТВ, А1 и ТВ Телма.

17) Први или втори писмени предупредувања за емитување на реклами за цигари досега им се упатени на: ТВ Сител, А1, Радио Канал 77, Телма, Канал 5, ТВ Тера, Канал 12 и ТВ Маркони. Предлог за инспекциски надзор е упатен за А1 телевизија и ТВ Телма.

18) Први или втори писмени предупредувања им се упатени на: МТВ, Сител, А1 и ТВ Здравкин.

19) Упатено е само едно писмено предупредување на Канал 5.

**Обврска за водење евиденција на програмата и доставување снимки, податоци и известувања**

Според сознанијата од досегашната комуникација со радиодифузерите, мал е бројот на оние кои ја почитуваат обврската да водат дневник на емисиите, програмата да ја снимаат и снимките од емисиите да ги чуваат најмалку 30 дена по емитувањето (чл. 40 од Законот и чл. 28 од договорите за концесија). Има примери на неисполнување на оваа обврска од страна на некои радиодифузери (ТВ Сител), по барањето на Советот да достават соодветна снимка, во врска со поднесено барање за одговор или за исправка.

Има примери и на непочитување на обврските утврдени во чл. 28 од договорот за концесија, за доставување други податоци или извештаи за начинот и квалитетот на вршење на дејноста (недоставување програмски шеми, ценовници за платена политичка програма, правила за медиумско покривање на изборната кампања и др.)[20].

Исто така, одреден број концесионери не ја почитуваат и обврската утврдена во чл. 29 од договорот, Советот за радиодифузија да го известат за намерата да вршат промени во програмската шема[21]. Освен тоа, досега не е познат ниту еден пример на концесионер кој ја исполнил обврската од овој член, на Советот, по истекот од првата година од концесијата, да му достави извештај за својата работа, односно за остварувањето на обврските утврдени со овој договор.

**Обврска за обезбедување право на одговор и на исправка**

Од досегашниот мониторинг на програмите и од активноста на Комисијата за претставки на Советот за радиодифузија се констатирани само мал број примери на остварувањето на правото на одговор или на исправка (чл. 62 и 63 од Законот и чл. 16 од договорите за концесија). Од друга страна, треба да се истакне и дека не постојат попрецизни сознанија за тоа колку барања за остварување на ова право биле упатени до медиумите во изминатиот период.

Ова прашање, Советот поинтензивно го следеше за време на мониторингот на изборните кампањи за парламентарните (1998) и за претседателските избори (1999). Во Препораките за медиумското покривање на кампањата за парламентарните избори и во Правилата за медиумско покривање на кампањата за претседателските избори на концесионерите посебно им беше укажано на потребата да применуваат доброволно објавување одговор или исправка доколку тоа се бара од нив. На остварувањето на ова право, во рамките на мониторингот на програмите, во иднина треба да му се обрне повеќе внимание.

**Реемитување странски програми**

Радиодифузерите може да реемитуваат странски програми повремено, само кога имаат договор за реемитување со странскиот емитувач, а по претходна согласност на Советот за радиодифузија (чл. 43 од Законот и чл. 18 од договорите за концесија). На почитувањето на овие одредби[22] Советот во изминатиот период му посвети големо внимание. Во спроведувањето на овие одредби од Законот, Советот се раководи од тоа одредбите за реемитување да се интерпретираат од аспект на следниве интенции: (1) да се обезбеди почитувањето на авторското и на сродните права; (2) реемитувањето странски програми да се остварува поврзано со почитување на начелата за зачувување и за негување на националниот идентитет, на јазичната култура и на домашното творештво. При ова Советот тргнува од основната смисла на концесијата, која е утврдена како законски цензус за задолжителен обем на програмата од сопствено производство и покривање на настаните од локалното подрачје за кое е добиена концесијата.

[20]) Непочитувањето на оваа обврска беше констатирано за време на следењето на медиумското покривање на кампањата за парламентарните и за претседателските избори. Податоците за тоа кои медиуми не ја исполнија оваа обврска за време на парламентарните избори се дадени во Извештајот од мониторингот објавен во Билтен бр. 3 на Советот за радиодифузија.

[21]) Такви примери досега се констатирани само кај: ТВ 96, ТВ Скопје и Скајнет.

[22]) Во врска со ова прашање, во февруари 1999 година, Советот усвои и посебни Критериуми за реемитување и емитување странски програми.

Мониторингот на Советот и анализите на програмите на одделни радиодифузери покажуваат дека кај огромен број концесионери сé уште не е доволно присутна свеста за поширокaта културна мисија на емитувањето на нивните програми. Тешкотиите во исполнувањето на цензусите за сопствено производство и програма од локалното подрачје, што е карактеристика за концесионерите, не само од помалите градови туку и за некои радио и телевизиски станици и од Скопје, се последица на бавното ослободување од инерцијата за реемитување странски програми и содржини без каков било критериум. Советот особено укажува на потребата од развој на програмски содржини со кои ќе се покриваат настаните од локалното подрачје. Ова се однесува и на програмите на неколку телевизии во Скопје, кои наместо да развиваат информативни програми наменети за граѓаните од Скопје, се ориентираат кон емитување на Дневникот на МТВ. Советот, во принцип, се залага за зголемување на можностите за избор и за конкуренција и кај информативните програми од ваков карактер, но, исто така, укажува на отсуството на содржини од градот и од животот на граѓаните.

Согласно Законот за радиодифузната дејност и Конвенцијата за прекугранична телевизија, Советот на сите радиодифузни организации кои побараа им даде согласност за повремено реемитување на информативните програми на македонски и на албански јазик на светските сервиси (Би Би Си, Дојче Веле, Радио Франс Интернасионал), како и за други програмски содржини кои претставуваат надополнување на нивната дневна, неделна и месечна програмска понуда.

*Јазикот на кој се емитува програмата и негувањето на литературниот јазик*

Во рамките на редовниот мониторинг на програмите во изминатиот период соодветно внимание му беше посветено и на прашањето за јазикот на кој треба да се емитува програмата, како и на употребата и негувањето на јазикот и на јазичната култура (чл. 8, 45 и 46 од Законот и чл. 8, 19 и 20 од договорите за концесија).

Од досегашните согледувања, констатација е дека определен број концесионери кои емитуваат програма на јазик на некоја од националностите, не емитуваат програма и на македонски јазик, што е обврска утврдена со чл. 45 став 5 од Законот за радиодифузната дејност. Во идниот период, со цел да се добијат прецизни показатели во поглед на остварувањето на оваа законска обврска, е неопходно да се реализираат поконкретни активности.

Констатација е и дека радиодифузерите досега мошне малку внимание му обрнуваа на негувањето на литературниот јазик и на јазичната култура, во сите видови говорни програми. Во врска со ова прашање, Советот оствари определена соработка со одделни научни институции и организации, како и со Советот за заштита на македонскиот литературен јазик, но неопходна е и една поширока едукација на новинарите, презентерите, спикерите, водителите и другите лица кои најчесто се во улога да говорат или да читаат на програмите. Советот смета дека, во принцип, треба да се остварува законската обврска за ангажирање на лектори, но смета дека за програмите во живо и кај радиото и кај телевизијата многу е позначајна обуката за употреба на литературниот јазик на новинарите и на водителите, но исто така и на учесниците во програмите.

**Мониторинг на медиумското покривање на кампањата за претседателските избори во 1999 година**

Мониторингот на покривањето на изборната кампања за претседателските избори во 1999 година претставуваше втор проект од ваков вид реализиран од страна на Советот за радиодифузија. Целта на мониторингот беше да утврди во која мера електронските медиуми ги почитуваат одредбите од Законот за радиодифузната дејност и од изборната регулатива што се однесуваат на покривањето на изборите, што произлегува од регулативната улога на Советот за радиодифузија - да го следи остварувањето на радиодифузната регулатива со цел да предлага иницијативи и конкретни решенија за нејзино унапредување. Оттаму сознанијата добиени со овој проект ќе бидат земени предвид и во предлозите за измени и за дополнувања на Законот за радиодифузната дејност.

Со мониторингот беа опфатени 41 електронски медиум. Програмите на јавниот национален радиодифузен сервис беа целосно опфатени: Првата и Втората програма на Македонското радио, Првата и Втората програма на Македонска телевизија и сите програми на јазиците на националните малцинства. Од јавните радиодифузни претпријатија на локално ниво беа следени програмите на: ТВ Прилеп, ТВ Струмица, ТВ

Куманово, ТВ Кавадарци, Радио Тетово, Радио Гостивар, Радио Битола, Радио Штип, Радио Охрид и Радио Демир Хисар.

Беа набљудувани програмите на сите три трговски радиодифузни друштва на национално ниво: А1 Телевизија, Сител Телевизија и Радио Канал 77, а од трговските радиодифузни друштва на локално ниво, програмите на: Телма, Канал 5, Скај нет, ТВ 96, ТВ Шутел, ТВ Ера, ТВ Макспот, ТВ Арт, ТВ Кисс, ТВ Дуе, ТВ Суко, ТВ Тера, ТВ Орбис, ТВ Зора, ТВ Феста, ТВ Ирис, ТВ Теко, ТВМ, КТВ 41, ТВ Скај Плус, ТВ Вис, Радио Нома, Радио Топ ФМ и Радио Антена 5.

Методолошки мониторингот се состоеше од: (1) квантитативна анализа, која претставуваше доминантен зафат во мониторингот и се состоеше од снимање и од анализа на содржината на сите програми со кои електронските медиуми ја покриваа изборната кампања и (2) разговори со компетентни научни и стручни работници, со групи од гледачи и од слушатели кои беа вклучени во следењето на изборите, како и разговори со изборните штабови на претседателските кандидати, со цел да се добие поцелосна претстава за реалниот тек на изборната кампања.

## Истражувања и проекти поврзани со програмите

*Плурализмот во информирањето*

Една од позначајните функции на Советот за радиодифузија, согласно Законот за радиодифузната дејност, е да го следи остварувањето на општите начела на радиодифузните програми, меѓу кои едно од најзначајните прашање е остварувањето на плурализмот во информирањето, во отвореноста за слободната конкуренција и во информирањето за различни политички идеи, културни и други тенденции и мислења.

За таа цел, почнувајќи од 1 јануари 2000 година, Советот за радиодифузија започна со реализација на посебен вид анализи на дневно-информативните емисии на јавниот радио-дифузен сервис и на концесионерите на територијата, насловен "Плурализмот во информирањето на националните РТВ канали".

Предмет на анализа се централните дневно-информативни емисии на: Македонската телевизија (МТВ1, МТВ2 и програмите на националностите), Македонското радио (МР1, МР2 и програмите на националностите), Сител, А1 и Канал 77. Анализите ќе се реализираат квартално, односно на секои три месеци.

*Заштитата на децата и на младите од содржините со насилство и со порнографија на телевизијата*

Една од најзначајните обврски што произлегуваат од Конвенцијата за безгранична телевизија на Советот на Европа е обврската на државите членки на Советот на Европа да преземаат мерки за заштита на децата и на младите од можното штетно влијание на содржините со насилство и со порнографија на телевизијата. Во насока на имплементација на одредбите на Конвенцијата, Советот за радиодифузија покрена иницијатива за воведување систем на категоризација и на сигнализација на потенцијално штетните содржини на телевизијата, што би им овозможил на родителите кои сакаат да ги заштитат своите деца од потенцијално штетните содржини, да го планираат гледањето на телевизијата во семејството.

За таа цел, како прва фаза на овој проект, во март 2000 година, во соработка со Центарот за стратешки студии на списанието "Форум", Советот организираше трибина на тема "Заштитата на децата и младите од насилството и порнографијата на телевизијата". Целта на оваа трибина беше за овие прашања да се отвори поширока јавна расправа и да се анимираат сите релевантни субјекти во општеството за значењето на овој проблем и за потребата од негово сеопфатно решавање. На трибината зедоа учество голем број претставници од медиумите, од невладините организации, од мониторинг групи од гледачи и од слушатели, научни и културни работници, новинари и др.

Втората фаза на проектот е изработка на систем на категоризација и на сигнализација на програмите и доуредување на прашањето на заштитата од ваквите содржини во законската регулатива, согласно со Конвенцијата за безгранична телевизија и другите меѓународни документи.

*Континуирани испитувања на публиката*

Почнувајќи од септември 1999 година, Советот за радиодифузија започна со подготовките за воспоставување континуирани испитувања на публиката во Македонија. Овој проект ќе се реализира во неколку фази: (1) едукација на радиодифузерите за потребата и за

значењето на истражувањата на публиката преку организирање семинари и работилници, (2) формирање независно тело кое во иднина ќе го координира процесот на истражувања на публиката и објавување тендер за ангажирање независна истражувачка институција и (3) започнување со континуирани истражувања на публиката според меѓународна истражувачка методологија.

Советот го реализира овој проект во соработка со Британскиот совет и Фондацијата "Томсон" од Велика Британија. Во изминатиот период е реализиран најголем дел од првата фаза, одржани се серија работилници и семинари со радиодифузерите, маркетинг агенциите и претставници на огласувачите, на кои презентер и модератор беше г. Греам Митон, долгогодишен директор на Секторот за истражувања на публиката на Светскиот сервис на Би Би Си.

*Публиката на медиумите*

Советот, од своето формирање, посебно настојува да се поттикне истражувањето на публиката и ефектите на електронските медиуми. Во насока на реализација на континуирани истражувања на публиката, Советот од 1998 година учествува во проектот "МАП". Проектот го реализира Медиумската лабораторија при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, финансиран е од страна на Европската комисија, а Советот е единствена национална институција која и финансиски партиципира во неговата реализација. Овој проект треба да обезбеди базични показатели за медиумската мапа на Македонија, што понатаму ќе послужат како основа за воспоставување континуирани истражувања на публиката.

**Почитувањето на авторските и на сродните права**

Сознанијата на Советот добиени од мониторингот на програмите, како и од остварената соработка и од информациите добиени од Службата за управен надзор при Министерството за култура, укажуваат на тоа дека емитувањето пиратски програми беше еден од посериозните проблеми во македонскиот етер. Извештаите на Европската комисија за 1998 и 1999 година укажуваат на пиратството како на еден од најголемите проблеми во радиодифузијата во Македонија.

Во текот на изминатиот период, Советот презеде серија мерки за оневозможување на пиратството во етерот, редовно укажувајќи им на радиодифузерите на потребата од почитување на законските и договорните обврски во поглед на ова прашање.

Советот иницираше повеќе средби со претставниците на трговските радиодифузни друштва, односно на нивните здруженија и претставниците на ЗАМП во врска со емитувањето на мали музички права на радио и телевизиските програми и обврските на дифузерите што произлегуваат од тоа (водење евиденција за емитуваните дела, плаќање на надоместокот и слично). Притоа е констатирано дека постојат несогласувања меѓу ЗАМП и дифузерите во поглед на висината на надоместокот за користење на малите музички права. Имајќи предвид дека висината на надоместокот според Законот за авторското право и за сродните права се определува со Тарифа на здружението за кое дава согласност Министерството за култура Советот смета дека е потребно ова Министерство да ја преиспита Тарифата за висината на надоместоците.

Во соработка со Европската комисија, во ноември 1999 година, е одржан и меѓународен семинар за "Пиратството во македонскиот етер". Во Програмата за работа за 2000-та година е предвидена и посебна работилница со јавни обвинители, судии, царински и пазарни инспектори, со цел да се зголеми ефикасноста на управниот надзор и на судската постапка.

Во текот на јуни 2000 година, Советот оствари средби со претставниците на радиодифузните организации и на дистрибутерите - иматели на телевизиски права на кои се разговараше за мерките за спречување на неовластеното емитување на филмови, на филмски серии и на други аудиовизуелни дела и на преноси од спортски настани. Притоа Советот покрена иницијатива радиодифузните организации, при откупот на правата за телевизиски емитувања да настапуваат заеднички и организирано, со што ќе добијат поповолни услови за откуп на правата. Разговорите на средбата укажаа дека филмовите и филмските серии можат да се купат по поволни цени доколку радиодифузните организации настапат организирано. Така на пример, дистрибутерот Градски кина нуди 100 филмови по цена од 5 УСД по филм (едно премиерно и две репризни емитувања) доколку нив ги откупат најмалку 25 телевизиски станици, а дистрибутерот Манаки филм нуди 2.036 часа филмска програма (за едно премиерно и три репризни емитувања), по цена од 3 УСД по час доколку истата ја откупат најмалку 25 телевизиски станици и со поволни услови за плаќање.

## Комуникација со гледачите и со слушателите

Советот за радиодифузија кој според Законот за радиодифузната дејност ги претставува интересите на граѓаните во оваа дејност, во својата работа настојува да се легитимира како медијатор меѓу слушателите и гледачите и радиодифузерите, односно меѓу интересите на граѓаните и медиумите. За остварување понепосредна комуникација со слушателите и со гледачите, Советот во овој период реализираше повеќе активности.

- Продолжи работата на мониторинг групите од гледачи и од слушатели, во кои врз доброволна основа се вклучени над 350 гледачи и слушатели и претставници на невладини организации и здруженија.
- На Комисијата за претставки, како помошно тело на Советот, и во овој период слушателите и гледачите имаа можност да и се обраќаат во врска со своите забелешки и сугестии за емитуваните програми. Меѓутоа, најчесто, гледачите и слушателите своите забелешки ги изнесуваа во уснената комуникација со членови на Советот и со вработените во стручната служба, а не со писмени обраќања. Во наредниот период Советот ќе настојува пошироко да ја афирмира функцијата на Комисијата и да ги поттикнува гледачите и слушателите континуирано да ги искажуваат своите мислења, забелешките и предлозите за емитуваните радио и ТВ програми.
- Советот упати три известувања до граѓаните во врска со работата на нелегалните кабелски оператори.
- Обврската на кабелските оператори да формираат одбори на корисници (утврдена со општите услови во конкурсот), дава можност за влијание на гледачите и на слушателите во изборот на програмската понуда на идните кабелски оператори.
- Советот за радиодифузија оствари соработка и со повеќе невладини организации и со здруженија за заштита на потрошувачите, а нивните претставници беа вклучени во проектите на Советот за заштита на децата и на младите од содржините со насилство и со порнографија на телевизијата, за донесување кодекс за рекламирањето и спонзорството и др.

## Поддршка на радио и телевизиската продукција

Во втората половина на 1999 година започна и практично да се остварува законското решение, 10 насто од прибраните средства од радиодифузната такса да се наменат за производство на радио и телевизиски програми од јавен интерес, произведени од страна на трговските радиодифузни друштва и од независните продуценти.

Пројавениот интерес на првиот оглас за финансирање проекти од јавен интерес, мноштвото идеи, видови и жанрови ја потврди смислата на ова законско решение - да се поттикнува креативноста на приватните дифузери и да се поддржува независната радио и телевизиска продукција.

До крајот на јуни 2000 година, од проектите што се финансирани во рамките на Првиот оглас (188), се завршени и предадени 128 проекти, а другите проекти се во завршна фаза на реализација.

Структурата на финансираните проекти по Првиот оглас е следна:

| | број на проекти |
|---|---|
| **Радио проекти** | **84** |
| ***Трговски радиодифузни друштва*** | ***81*** |
| играна продукција | |
| документарна продукција | 64 |
| информативно-документарна продукција | 17 |
| ***Независни продуценти*** | ***3*** |
| документарна продукција | 1 |
| мултимедијална продукција | 2 |
| **ТВ проекти** | **104** |
| ***Трговски радиодифузни друштва*** | ***89*** |
| играна продукција | 2 |
| документарна продукција | 74 |
| информативно-документарна продукција | 13 |
| ***Независни продуценти*** | ***15*** |
| играна продукција | 2 |
| документарна продукција | 10 |
| мултимедијална продукција | 2 |
| кампањи и спотови | 1 |

Во декември 1999 година е објавен и Вториот оглас за финансирање проекти од јавен интерес, на кој се пријавија 167 субјекти (105 трговски радиодифузни друштва и 62 независни продуценти) со вкупно 1322 проекти (726 за телевизија, 580 за радио и 16 мултимедијални и други проекти). Советот го утврди Предлогот за финансирање проекти по Вториот оглас и го достави до Владата на Република Македонија.

Согласно со определените услови за емитување на проектите, Советот започна со активности за дистрибуција на готовите проекти за емитување на Македонската радио-телевизија, на јавните радиодифузни претпријатија на локално ниво, на трговските радиодифузни друштва на национално ниво и на другите трговски радиодифузни друштва. Интенција е произведените програми да не останат во локални рамки, односно да бидат емитувани пред поголем број гледачи и слушатели во Република Македонија, а по можност и пошироко во светот.

## Технички услови за емитување и за производство на радио и телевизиските програми

### Предавателна техника

Програмите на Македонската радио-телевизија се емитуваат преку мрежите на јавното претпријатие Македонска радиодифузија. Дел од предавателната опрема преку која се емитуваат програмите на МРТ е застарена, а проблем претставува и нестабилното напојување со електрична енергија, особено на повисоките репетиторски пунктови.

За подобрување на квалитетот на радио и телевизискиот сигнал за прием на програмите на Македонската радио-телевизија во текот на 1999/2000 година, Јавното претпријатие "Македонска радиодифузија" изгради неколку нови репетиторски пунктови на подрачјето на Удово, Раборци, Староец, Оровник и Октиси. Во постапка е набавката на УКБ/ФМ опрема (од средства пристигнати од Тајван), со што ќе се подобри покриеноста на територијата со квалитетен радиосигнал.

Со реализацијата на проектот - набавка на 1000 KW среднобранов предавател "Овче Поле", значително ќе се зголеми сервисната зона на програмите на Македонското радио.

Состојбата со техничката опременост на предавателниот сегмент кај приватните дифузери ќе биде целосно позната кога ќе завршат сите технички прегледи од страна на Министерството за сообраќај и врски, неопходни за добивање дозволи за радиостаниците. Состојбата со техничката опременост кај приватните радиодифузери во голема мера се разликува од техничките проекти кои беа приложени во тендерските документации, во текот на доделувањето на концесии. Сé уште се користи првичната опрема која во најголем број случаи е со незадоволителен квалитет. Само кај мал број концесионери постои опрема со задоволителен квалитет, која подразбира дистрибуција на квалитетен видео сигнал, стерео аудио сигнал, телетекст сервис, РДС сигнализација и сл.

### Сателитски телекомуникациски центар "Нова Брезница"

Со реализацијата и со пуштањето во работа на сателитскиот телекомуникациски центар "Нова Брезница", се создадени технички можности за емитување на телевизиска програма од Македонија за Европа и за Австралија.

Сопственичките права врз сателитскиот телекомуникациски центар треба прецизно да се уредат за да се запази можноста за подеднаков пристап до овој ресурс од страна на сите заинтересирани радиодифузни субјекти. Во оваа смисла, Советот смета дека делот од сателитскиот центар насочен кон радио-телевизиската дистрибуција, треба да се издвои како независна целина во процесот на приватизацијата на "Телеком". Советот укажува на потребата договорно да се уредат односите меѓу Македонските телекомуникации, Македонската радио-телевизија и Македонската радиодифузија како овластен провајдер за да се избегне можен судир на интереси.

Преку овој центар, во овој момент, програма емитува само Македонската радио-телевизија. За создавање технички можности за емитување програма преку овој центар и на приватните дифузери, Советот оствари контакти со јавното претпријатие Македонска радиодифузија.

### Студиска опрема

Студиската опрема на Македонската радио-телевизија подолго време не е обновувана, така што моментално се работи со дотраена опрема. Дигитализација на опремата (на дел или формирање на едно целосно дигитално студио), за жал сé уште нема.

Во врска со техничката опременост за производство и за емитување на програмите на трговските радиодифузни друштва може да се констатира следново:

- од постојните телевизиски станици 5 работат со Beta SP, 7 со DVCAM, а другите со SVHS и VHS техника.
- Радиостаниците по правило употребуваат CD плеери за реализација на својата програма, со исклучок на емитувањето на постари музички снимки за кои се користат радиокасетофони и грамофони.
- Постои голема разлика во квантитетот и во квалитетот на употребуваната опрема во радиото и на телевизијата. Одделни станици поседуваат техничка опрема главно наменета за емитување снимена

програма и за реемитување програма на странски емитувачи. Други станици пак, но во помал број, поседуваат квалитетна опрема за сопствено производство, која би можела да се карактеризира со технички можности рамноправни со некои европски дифузери со подолга традиција. Некои од телевизиските станици веќе употребуваат дигитални студија, а започна да работи и првото 3D студио во Република Македонија. Голем дел од радиостаниците имаат преминато на компјутерско создавање и водење на програмата. Неколку радиостаници веќе ја имаат понудено својата програма на Интернет (Real Audio), со што се овозможува следење на овие програми низ целиот свет.

**Технички и технолошки развој: дигитализација**

Имајќи ја предвид економско-финансиската состојба во која се наоѓа Македонската радио-телевизија и ЈП "Македонската радиодифузија", можностите се минимални за технички и технолошки развој. Советот укажува на потребата Собранието да донесе Одлука за пристапување кон изработка на национална стратегија за воведување дигитален телевизиски сервис. Речиси сите земји од западна Европа веќе имаат изготвено агенди за престанок на аналогната земска дистрибуција и за воведување дигитален сервис. Во одделни земји (Обединетото Кралство Шведска) ваквиот тип на дистрибуција постои повеќе од две години, а во просек како граничен термин за воведување на ваквиот сервис кај повеќето земји се наведува 2010 година. Ова треба да се гледа и во контекст на глобалната пазарна понуда, која по десетина година нема да содржи конвенционални телевизиски приемници.

Постојат големи разлики во динамиката на набавка на нова и на иновирање на постојната опрема и кај трговските радиодифузни друштва. Имајќи ги предвид економските услови во кои тие работат, сé потешко можат да издвојуваат средства за одржување и за докомплетирање на опремата што ќе води кон понатамошно раслојување на дифузерите во техничкиот домен.

## Економски услови за работа на радиодифузерите и мерки за стимулирање

### Економски показатели

Со донесувањето на Законот за радиодифузната дејност и со формирањето на приватниот радиодифузен сектор, практично започна конституирањето и на новиот комуникациски пазар. И јавниот и приватниот сектор работат во пазарни услови. Но, конституирањето на новиот комуникациски пазар има сериозни тешкотии и слабости, кои произлегуваат во прв ред од незаокруженоста на глобалниот пазар.

Во 1999 година врз работењето на радиодифузните субјекти особено негативно се одразија настаните поврзани со Косово и регионалната криза, застојот на индустриското производство, намалувањето на средствата за реклама и нелојалната конкуренција предизвикана од нелегалните емитувачи.

Во работењето на регулаторните тела е вообичаено да се искажуваат податоци за економските состојби, а посебно за висината на рекламите во електронските медиуми. Бидејќи 1999 година е прва целосна деловна година за трговските радиодифузни друштва, Советот од Заводот за платен промет на Македонија побара податоци за работењето на субјектите во радиодифузниот сектор.

Првпат, врз основа на податоците добиени од Заводот за платен промет (за 136 радиодифузни организации - 29 јавни претпријатија и 107 трговски радиодифузни друштва кои доставиле завршни сметки), можат да се изнесат следниве показатели:

*а) Јавен сектор*

| | |
|---|---|
| **Остварен вкупен приход** | 993.978.984,00 ден. |
| - МРТ | 896.841.579,00 ден. |
| - јавни локални | 97.137.405,00 ден. |
| **Остварени вкупни трошоци** | 1.005.800.383,00 ден. |
| - МРТ | 907.323.596,00 ден. |
| - јавни локални | 98.476.787,00 ден. |

Од вкупно остварените приходи во јавниот сектор во 1999 година, според податоците добиени од МРТ и од 23 јавни локални радиодифузни претпријатија, од реклами и од пропаганда се остварени приходи во износ од 152.659.820,00 денари.

Во 1999 година 17 јавни радиодифузни претпријатија оствариле добивка во работењето, 8 искажале загуба, а 4 работеле во границата на рентабилитетот (за Радио Штип нема податоци).

*б) Приватен сектор*

| | |
|---|---|
| Остварен вкупен приход | 293.152.010,00 ден. |
| Остварени вкупни трошоци | 331.888.415,00 ден. |

Во 1999 година 50 трговски радиодифузни друштва оствариле добивка во работењето, 54 искажале загуба, а 3 работеле во границата на рентабилитетот.

Во радиодифузната дејност во 1999 година е остварен вкупен приход од околу 1,3 милијарди денари или 15 милиони германски марки. Трошоците на работењето се околу 1,2 милијарди денари. Меѓутоа, од овие податоци не може да се изведат целосни констатации, а посебно да се оцени економичноста и профитабилноста. Тоа во прв ред се должи на фактот дека податоците се нецелосни: 1) одделни трговски радиодифузни друштва, иако се регистрирани, не доставиле завршни сметки; 2) искажаните приходи се несразмерни во споредба со висината на надоместокот за концесија (кај девет трговски радиодифузни друштва износот на надоместокот за концесија е поголем од прикажаните трошоци на работење, додека кај осум од нив висината на надоместокот е скоро идентична со прикажаните трошоци), што укажува на сé уште нерасчистените односи меѓу основачите и новите трговски радиодифузни друштва; 3) податоци за остварените приходи од реклами има само во МРТ.

### Приходи од реклами

Во САД, во Канада и во европските земји, во кои се развиени и радиодифузната дејност и рекламната индустрија посебно внимание му се посветува на т.н. "рекламен колач". Кај нас нема ниту статистички, ниту податоци од надлежните институции за платен промет за: висината, порастот, стагнацијата или опаѓањето на средствата за реклама.

Во овој момент би можело само посредно да се утврди можната големина на "рекламниот колач". Кога на околу 150 милиони денари средства за реклама и за пропаганда ќе се додадат вкупните приходи на трговските радиодифузни друштва од околу 300 милиони денари, се доаѓа до износот од околу 400 милиони денари. Тоа

приближно одговара на висината на реклама од околу 15 милиони германски марки.

Советот го соопштува овој податок апроксимативно и со сите резерви поврзани со завршните сметки на радиодифузерите во 1999 година. Во завршните сметки на трговските друштва не се спецфицирани податоците за рекламите **не се спецфицирани** според видот т.е. печатените и електронските медиуми, средствата за реклами не се издвоени од спонзорството, репрезентацијата и од некои други услуги.

Во октомври и во ноември 1999 година Советот побара од Министерството за финансии измени во контниот план со цел да се обезбедат точни и релевантни податоци за остварените приходи од рекламата во електронските медиуми. Состојбата во "рекламниот колач" е релевантен показател, не само за домашната индустриска и *вкупна* економска конјуктура, туку и индикатор за отворањето на пазарот, за ориентацијата на големите интернационални компании кон домашниот пазар, односно за поттикнување на еден нов спектар на услуги (промоции, дизајн, печатарство итн.).

Министерството за финансии преку соодветните измени во контните планови и на подзаконските акти и државниот Завод за статистика, преку воведување меѓународни референцијални единици и бази треба да обезбедат податоци што се поврзани со промените во начинот на рекламирањето и со трговијата. И кај нас започна Е-комерцијата. Во Македонија во овој момент има околу 100.000 претплатници на Интернет. Дел од рекламите од печатените и радиодифузните медиуми ќе се преселат на Интернет. Затоа е неопходно да се утврдат национални стандарди и методологија за овие сегменти на пазарот, во услови на глобализација и на сегментирање на економската реклама.

**Мерки за стимулирање**

Советот внимателно го следи и го согледува економското работење на новиот приватен радиодифузен сектор, и во рамките на своите овластувања покренува иницијативи и поднесува предлози пред надлежните органи за подобрување на условите за работа на радиодифузните организации.

- Во декември 1999 година Советот покрена иницијатива преку Министерството за финансии за примена на повластена стапка (5%) на Данокот на додадена вредност на услугите (рекламите) на радиодифузните организации. Меѓутоа, од 1 април 2000 година почна примената на Законот за данокот на додадена вредност, и покрај иницијативата на Советот услугите од реклами на радиодифузните организации да се оданочуваат со повисоката стапка (19%). Советот очекува дека Владата и Собранието на Република Македонија ќе покажат разбирање за потребата од развој на радиодифузната дејност, преку даночни олеснувања за радиодифузните организации.
- Плаќањето на надоместокот за концесија за вршење радиодифузна дејност определен со одлуките на Владата и со договорите за концесија од страна на трговските радиодифузни друштва не се вршеше во определените рокови. Една од причините за неблаговременото плаќање на надоместокот беа и неповолните економски услови во кои работеа трговските радиодифузни друштва. Во текот на 1999 година повеќе трговски радиодифузни друштва како и нивните здруженија поднесоа писмени барања до Владата на Република Македонија, до Советот за радиодифузија, како и до други државни органи и меѓународни организации за намалување на надоместокот за концесија. По извршените согледувања, а со цел да се подобрат неповолните економски услови за работа на трговските радиодифузни друштва, Советот ѝ предложи на Владата намалување на надоместокот за концесија за 10% (за концесионерите на локално ниво) и за 20% (за концесионерите на национално ниво).

Врз основа на согледувањата дека во одредени микролокации како што се новоформираните општини Ростуше, Центар Жупа, Долнени и Липково, износот на концесијата е несразмерен со бројот на населението што реално може да се покрие со квалитетен сигнал, за овие микролокации Советот предложи поголем процент на намалување на надоместокот.

## Надзор врз спроведувањето на Законот

Нашиот Закон за радиодифузна дејност има еден од најкомплицираните механизми на надзор и тоа има големо влијание врз ефикасноста на работата на Советот. Советот според Законот има можност да предложи преземање на најрадикални мерки, како што е предлогот за одземање на концесијата, а нема никаква можност за влез во управната постапка поради што тој не може да ја спроведе политиката за кој се определил, ниту да изрече мерки и санкции.

Според Законот надзорот во однос на изградбата, одржувањето и употребата на радиодифузната мрежа и средства врши Министерството за сообраќај и врски преку Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски (член 82).

За спроведување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност во однос на создавањето и на емитувањето на радиодифузните програми, како и за следење на остварувањето на договорите за концесија се грижи Советот за радиодифузија (член 83).

Надлежните инспекторати во соодветните министерства, во рамките на својата надлежност, на начин и по постапка пропишана со закон непосредно и на предлог на Советот преземаат мерки кон оние радиодифузни организации што вршат дејност спротивно на Законот (член 84).

Досегашната соработка на Советот за радиодифузија со Инспекторатот за сообраќај и врски поврзана со остварувањето на надзорот е незадоволителна. Едно од приоритетните задачи на Инспекторатот беше да обезбеди престанок со работа на сите нелегални емитувачи, односно да ја спречи работата на нелегалните кабелски оператори, меѓутоа и по истекот на 3 години од донесувањето на Законот за радиодифузната дејност, дифузерите без концесија и натаму емитуваат програма, а во овој период се појавија и нелегални кабелски оператори. Инспекторатот не покажа ефикасност и по предлозите на Советот за спречување на определени концесионери да емитуваат програма надвор од подрачјето за кое е добиена концесијата. Во извештајниот период Советот до Инспекторатот има поднесено 13 писмени предлози, а исто толку усмени укажувања за преземање мерки за престанок со работа на нелегалните емитувачи и на кабелските оператори, како и за преземање мерки против определени трговски радиодифузни друштва кои емитуваат програма надвор од подрачјето на кое им е доделена концесијата. Во меѓувреме е донесен и Законот за измени на Законот за телекомуникациите, со кој Инспекторатот е овластен привремено да ја заплени опремата на нелегалниот емитувач. Меѓутоа сé уште не се постигнати очекуваните резултати во спречувањето на неовластеното емитување и на неовластената кабелска дистрибуција на радио и телевизиските програми.

Според податоците добиени од Инспекторатот за сообраќај и врски во моментов работат околу 74 нелегални емитувачи на радио и ТВ програма. Инспекторатот нема увид за бројот на нелегалните кабелски оператори. Досега Инспекторатот нема преземено ниедна мерка за привремено запленување на опремата на нелегалните емитувачи, односно на кабелските оператори, согласно со измените на Законот за телекомуникации.

Надзорот над спроведувањето на одредбите од Законот за радиодифузната дејност во делот што се однесува на рекламирањето и на спонзорството го остварува Републичкиот пазарен инспекторат при Министерството за трговија. Соработката на Советот за радиодифузија со овој Инспекторат, во поглед на постапувањето по предлозите на Советот за спроведување инспекциски надзор се оценува како исклучително добра. Овој Инспекторат на предлог на Советот за радиодифузија во текот на декември 1999 година изврши инспекциски надзор над 64 нелегални емитувачи и врз основа на констатираните наоди поднесе предлози за поведување прекршочна постапка. Исто така, во првата половина на 2000 година, Инспекторатот изврши инспекциски надзор над 12 трговски радиодифузни друштва во поглед на почитувањето на законските одредби за рекламирање и за спонзорство и врз основа на наодите поднесе предлози за поведување на 4 прекршочни постапки.

За спроведувањето на одредбите од Законот за радиодифузната дејност во однос на создавањето и на емитувањето на радио и телевизиските програми како во однос на спроведувањето на Законот за авторско право и за сродните права, Советот остварува соработка со Службата за управен надзор при Министерството за култура. Иако во почетокот се појавија определени дилеми во смисла на прогласување за "ненадлежна", соработката со оваа служба сега може да се оцени како задоволителна. Оваа служба, на предлог на

Советот спроведе инспекциски надзор над 12 трговски радиодифузни друштва во поглед на почитувањето на одредбите од Законот за радиодифузната дејност за реемитување странска програма и на одредбите од Законот за авторското право и за сродните права. Врз основа на наодите од инспекцискиот надзор се поведени 4 прекршочни постапки од кои 2 се завршени со правосилни судски пресуди, а Инспекторатот донесе 2 решенија за забрана за реемитување странска програма.

Согласно со членот 83 од Законот за радиодифузната дејност, Советот ја следеше реализацијата на договорите за концесија и усвои информација за остварувањето на договорите по првата концесиска година. За констатираните отстапувања од договорните законски обврски на концесионерите им се упатени писмени укажувања, а кај одделни концесионери и предлози до надлежните инспекторати за преземање други мерки утврдени со закон.

Определен број концесионери во роковите утврдени со договорот и во дополнително утврдените рокови од страна на Владата не го платија надоместокот за концесија, односно не платија ни една рата што требало да се плати, поради што Владата на Република Македонија на предлог на Советот за радиодифузија на 7 март 2000 година донесе Одлука за одземање на концесијата на 29 концесионери (20 за радио и 9 за телевизија)[23].

[23]) Одлуката за одземање е објавена во Сл.весник бр.20/2000, а Одлуката за измени во Сл.весник бр. 51/2000.

## Развој на радиодифузната регулатива

Со Извештајот за работата на Советот за времето од 1 јули 1998 година до 30 јуни 1999 година, Советот достави до Собранието и прилог за "Натамошните насоки за развој на регулативата во областа на радиодифузијата во Република Македонија". Во материјалот беше укажано на прашањата, односно на одделните законски решенија кои треба да бидат преиспитани во идната регулатива, како и на потребата од имплементирање во домашното законодавство на одредбите од директивата "ТВ без граници" на Европската заедница и на Конвенцијата за прекугранична телевизија на Советот на Европа.

Советот продолжи со своите активности поврзани со развојот на радиодифузната регулатива. На 5 и 6 април оваа година Советот за радиодифузија во соработка со Советот на Европа одржа Работилница за радиодифузна регулатива. На работилницата покрај членови на Советот и домашни експерти од областа на радиодифузијата, со свое излагање настапија: г. Рамон Прието Суарез од Одделот за медиуми на Советот на Европа, г. Гери Тонг, главен инженер во ИТЦ (Обединето кралство) и г. Јурген Браутмајер, заменик-директор на регулаторното тело на Северна Вестфалија (Германија).

На работилницата зедоа учество претставници од повеќе министерства, од парламентарните комисии, од надлежните републички инспекторати, од правосудните и царинските органи, од невладини организации, професори и истражувачи од скопскиот Универзитет, од дипломатскиот кор, претставници на радиодифузните организации, односно сопственици и управители на трговските радиодифузни друштва.

Врз основа на излагањата и на расправата на работилницата, беа утврдени определени основни насоки во кои треба да се движи идната регулатива:

- Јакнење на овластувањата, на одговорноста и на капацитетот на Советот за радиодифузија за регулација согласно со препораките на Советот на Европа.
- Доуредување на постапката за доделување концесии за вршење радиодифузна дејност (за земско и за сателитско емитување и за кабелска дистрибуција) и отстранување на противречностите на определени решенија содржани во Законот за радиодифузната дејност, во Законот за концесија и во Законот за телекомуникации.
- Советот да добие овластување за планирање и за доделување концесии во комерцијалниот сектор, односно менаџмент на лиценците во јавниот сектор соодветно на неговата мисија.
- Дефинирање на обврските на дифузерите поврзани со едукативната, со културната и со информативната функција, односно со заштитата на културниот идентитет.
- Подобрување на регулативата со воведување европски стандарди во остварувањето на надзорот врз спроведувањето на Законот за радиодифузната дејност. Регулаторната улога на Советот да обезбеди водење управни постапки, способност на телото да изрече и да оствари економски и други мерки и санкции.
- Поттикнување на саморегулативата во радиодифузната дејност.

Во јуни оваа година Советот за радиодифузија поднесе иницијатива до Владата на Република Македонија за пристапување на Република Македонија кон Конвенцијата за прекугранична телевизија. Конвенцијата заедно со Директивата "ТВ без граници" на Европската унија претставуваат два најзначајни документи кои ги определуваат условите за слободен прекуграничен проток на телевизиски програми. Тие претставуваат и основа за радиодифузната регулатива во европските земји, со што се хармонизира - приближува националното законодавство на земјите членки на Советот на Европа и на Европската унија.

## Радиодифузна такса

Советот за радиодифузија и во овој извештаен период го следеше движењето на наплатата на радиодифузната такса, а согласно Законот за радиодифузната дејност висината на радиодифузната такса ја усогласуваше со просечната нето месечна плата во стопанството исплатена во последните три месеци и за тоа ја известуваше јавноста.

Според податоците од Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија заклучно со 30 јуни 2000-та година, бројот на регистрирани корисници на радио и ТВ-приемници изнесува 532.230 од кои:

- 487.355 семејни домаќинства,
- 44.965 претпријатија и други правни лица (4.317 корисници на ТВ- приемници и 40.648 корисници на радио-приемници).

Кумулативниот процент на наплата на радиодифузната такса, заклучно со 31 мај 2000 година, според податоците на ЈП Електростопанство на Македонија изнесува 76,39%.

Процентот на наплата споредЕн со истиот период минатата година (кој изнесуваше 73,10%) бележи пораст од 3,2%. Инаку процентот на наплата на радиодифузната такса заклучно со 31 мај 1997 година (пред влегувањето во сила на Законот за радиодифузната дејност изнесуваше 36,4%).

Ненаплатените побарувања од радиодифузната такса заклучно со 31 мај 2000 година изнесуваат 847.409.072,00 денари (според податоците добиени од Електростопанство на Македонија). Управата за јавни приходи од оваа година започна и со присилна наплата на ненаплатените побарувања.

Советот иницираше повеќе средби со претставници на јавните претпријатија "Електростопанство на Македонија" и Македонска радио-телевизија и Управата за јавни приходи за координирање на определени активности за подобрување на наплатата, а посебно за присилна наплата на ненаплатените побарувања од радиодифузната такса.

## Меѓународна соработка

Во извештајниот период Советот за радиодифузија ја продолжи соработката со Советот на Европа и со Европската комисија, со повеќе независни регулаторни тела од Европа, како и со други меѓународни асоцијации и организации.

### Соработка со Советот на Европа

Организирањето на Работилницата за радиодифузна регулатива (одржана на 5 и 6 април оваа година) претставува прв чекор во остварувањето конкретна соработка на Советот за радиодифузија со Советот на Европа. Соработката со Советот на Европа се остварува преку Одделот за медиуми при Директоратот за човекови права. Оваа соработка ќе продолжи особено во делот на имплементацијата на одредбите на Конвенцијата за прекугранична телевизија и на другите европски радиодифузни стандарди во Законот за радиодифузна дејност, како и преку учество на експерти на Советот на Европа на семинари и на работилници кои Советот за радиодифузија ќе ги организира во иднина.

По завршувањето на претседателските избори ´99 година, делегација на Собранието на Советот на Европа имаше посета со претседателот на Советот, на која беа информирани за начинот на покривањето на изборите и за мониторингот на програмите на електронските медиуми.

### Соработка со Европската комисија

По завршувањето на меѓународниот семинар "Против пиратството во македонскиот етер", а имајќи го предвид значењето на заштитата на авторските и на сродните права, во национални и меѓународни рамки, Советот за радиодифузија покрена иницијатива за заедничко организирање на уште еден семинар за авторското право и за сродните права кој претежно ќе биде наменет за судии, обвинители, адвокати и други лица кои непосредно работат во примената на Законот за авторското право и за сродните права.

Со делегацијата на Европската комисија во Република Македонија т.е. нејзиниот амбасадор и неговите советници се реализирани неколку средби на кои е разговарано за продлабочување на соработката и за реализација на неколку конкретни активности (поддршка на моделот за сигнализација, односно заштитата на децата од насилство на електронските медиуми).

Со финансиска поддршка на Европската комисија и на Советот за радиодифузија на 07.02. 2000 година, започна реализацијата на Проектот МАП - "Истражување на публиката на медиумите во Македонија". Целта на Проектот е да се направи темелна процена на навиките на населението во Македонија, во поглед на следењето на медиумите, и истовремено, сите учесници на македонската медиумска сцена да се запознаат со востановените начини на истражување на публиката, согласно со стандардите на земјите-членки на Европската унија.

### Европска платформа на регулаторни тела (ЕПРА)

Советот за радиодифузија редовно учествува на средбите на ЕПРА (Европска платформа на радиодифузни регулаторни тела) кои се одржуваат двапати годишно. Сегашниот статус на земјите-членки на ЕПРА е 31. На секоја од средбите, претставници на Советот на Европа и Европската комисија учествуваат како набљудувачи, при што информираат за активностите во рамките на европската медиумска политика. Двапати годишно Советот за радиодифузија испраќа национален извештај до ЕПРА за поважните активности во радиодифузната област. Овие извештаи заедно со извештаите на другите национални регулаторни тела се објавуваат и се разработуваат на секоја средба. На 11-та средба на Европската платформа на регулаторни тела, што се одржа во Париз на 25 и 26 мај оваа година, се дискутираше за неколу важни прашања како што се политичкото комуницирање на телевизијата, ограничувањето на сопственоста во медиумите, како и за најновите препораки на Советот на Европа за правото на новинарите да не ги откриваат изворите на информации и други актуелни прашања.

### Соработка со ОБСЕ

Соработката на Советот за радиодифузија со ОБСЕ Канцеларијата во Скопје, продолжи и за време на претседателските избори ´99 и по нивното завршување. Остварена е средба со шефот на ОБСЕ/ОДИХР мисијата за набљудување на изборите во Скопје и делегација на мониторинг мисијата на Европската унија, на која се разговараше за Препораките на Советот

за покривање на претседателските избори од страна на електронските медиуми, за мониторингот на програмите и за зголемување на улогата на Советот за време на претстојните локални избори 2000 -та. Со претставникот на ОБСЕ во Скопје, одговорен за медиумите, е остварена посета на која меѓу другото се разговараше и за зајакнувањето на меѓуграничната соработка на македонските радиодифузери со радиодифузерите од Р. Грција, Р. Албанија и Р. Бугарија.

**Соработка со независните регулаторни тела од Европа**

Во текот на изминатата година продолжи соработката на Советот за радиодифузија со регулаторните радиодифузни тела во Европа. На покана од ЦСА (Високиот аудиовизуелен совет) на Белгија - француско говорно подрачје и на Фламанскиот комесаријат за медиуми е остварена официјална посета на овие две регулаторни тела. Меѓу другото, на средбите се разговараше и за белгиското искуство за начинот на функционирањето на кабелските мрежи, имајќи го предвид фактот дека пенетрацијата на кабелските мрежи во Белгија изнесува над 90%.

Исто така, во редовните контакти со европските радиодифузни тела се разменуваат мислења за одделни прашања од радиодифузијата како што се: прашањата за овластувањата на регулаторните тела, можностите за изрекување санкции, тековните искуства за дигиталната терестријална телевизија, прашањата за европските квоти, рекламирањето и телешопингот итн.

Со цел да се зајакне соработката со регулаторните тела од југоисточна Европа, во рамките на Пактот за стабилност, Советот за радиодифузија подготви Платформа за заедничко учество на националните регулаторни тела од југо-источна Европа, во проектите на Пактот за развој на медиумите.

Соработката со независните радиодифузни регулаторни тела се остварува и преку размена на билтени и публикации преку кои се добиваат информации за тековните активности и проектите на секое тело.

**Соработка со другите меѓународни институции и асоцијации**

Во организација на Европската академија за медиумско право и Европскиот институт за медиумско право во мај 2000-та се одржа меѓународна конференција на тема: Телевизијата и новите медиуми во Европа, легислатива- либерализација-саморегулатива. На конференцијата се разговараше за европската правна рамка за новите медиуми, правната заштита и правните лекови за потрошувачите, јавен пристап до информациите во електронските медиуми, еднак-виот пристап до капацитетите за трансмисија и др.

Во текот на изминатата година продожена е соработката и со: Американскиот информативен сервис, Британскиот совет, Францускиот културен центар, Мисијата на светската банка во Скопје, Know How фондот, Европскиот институт за медиуми од Диселдорф и др.

## Ресурси- кадровска, техничка и финансиска поддршка

Кадровската, техничката и финансиската поддршка е услов за ефикасно остварување на функциите на Советот.

Стручната служба на Советот е организирана во три сектори (за програмски, технички и економско-финансиски и општи работи) и Одделение за меѓународна соработка и односи со јавноста. Од вкупно 22 вработени во Советот, 17 вработени се со висока стручна подготовка. Во извештајниот период кадровски е доекипиран Секторот за програмски работи, во делот за мониторинг на програмите.

Во рамките на техничката поддршка, е заокружен компјутерскиот систем и е инсталиран стационарен мониторинг центар со помош на кој можат истовремено и непрекинато да се снимаат 4 ТВ и 4 радиопрограми. Покрај опремата за снимање, е набавена и дополнителна опрема и софтвер со кои се анализира снимениот материјал.

Обезбедувањето сигурни извори за финансирање на Советот претставува еден од предусловите за негова самостојност.

Според членот 28 став 3 од Законот за радиодифузната дејност трошоците за работа на Советот се обезбедуваат од прибраните средства од радиодифузната такса.

Поради недореченоста на законското решение (во Законот не е определен процентот - делот од радиодифузната такса наменет за финансирањето на Советот) во 1999 година Советот, врз основа на Одлука на Владата, се финансираше од приходите остварени од надоместокот за концесија во рамките на Годишниот финансиски план и годишната програма за работа на Советот.

За 2000 година Советот и предложи на Владата средствата за покривање на трошоците за работа да се обезбедат, исто така, од надоместокот за концесија.

Планираните трошоци за работа на Советот во 1999 година изнесуваа 25.011.000,00 денари, а реализираните 24.073.973,00 денари, од кои 14.013.160,00 денари се однесуваат на периодот од 1 јули 1999 година заклучно со 31 декември 1999 година.

Средствата предвидени за покривање на трошоците за работа на Советот, според Финансискиот план за 2000 година, изнесуваат 24.955.000,00 денари. Во периодот од 1 јануари 2000 година заклучно со 30 јуни 2000 година се реализирани трошоци во износ од 12.885.574,00 денари.

Вкупно остварените трошоци на Советот за извршување на редовните активности во извештајниот период изнесуваат 26.898.734,00 денари.

Распоредот на трошоците е следниот:

- Надоместоци и плати на членовите на Советот во износ од 3.056.350,00.
- Плати и надоместоци за вработените во стручната служба на Советот во износ од 6.483.762,00 денари.
- Трошоци за материјали, за комунални услуги, за транспорт, за патни и за дневни трошоци во износ од 5.111.010,00 денари.
- Закупнина за простории во вкупен износ од 3.766.750,00 денари (нивното учество во вкупните трошоци изнесува 15%).
- Договорни услуги и други оперативни трошоци (трошоци поврзани со спроведување на конкурсот за проекти од јавен интерес, мониторинг на претседателските избори, научноистражувачки проекти, трошоци на платен промет, организирање на семинари, надоместоци за специјализација, членарина во меѓународни организации и слично) во износ од 5.334.608,00 денари.
- Набавка на опрема (аудио и видео опрема за мониторинг, компјутерска опрема и опремување на просториите) во износ од 3.146.254,00 денари .

## Јавност во работата на Советот

Советот во изминатиот период користеше повеќе облици на комуникација со јавноста.

Преку 12 одржани конференции со новинарите Советот јавноста детално ја известуваше за своето работење и за прашања значајни за радиодифузните организации и пошироката јавност.

Преку средби и работни состаноци, Советот оствaруваше и постојана комуникација со претставниците на радиодифузните организации по прашања од нивен непосреден интерес.

Советот организираше и повеќе семинари, трибини и работилници како облици на јавна консултација по определени значајни прашања од радиодифузната дејност.

Пред објавувањето на вториот оглас за финансирање на радио и на телевизиските проекти од јавен интерес од радиодифузната такса, Советот објави јавен повик за доставување предлози за проекти.

Со цел работата и активностите на Советот да бидат потранспарентни за јавноста, во Билтенот на Советот беа публикувани сите позначајни одлуки, документи и други материјали, а во посебни публикации беа публикувани извештаите од мониторингот и од другите проекти на Советот.

Информациите за активностите на Советот, како и низа други информации од радиодифузната дејност во Македонија, од мај 2000 година, се достапни и преку веб-страницата на Советот. Преку веб-страницата можат да се добијат информации за реализираните радио и телевизиски проекти финансирани од радиодифузната такса.

Советот е референцијален ресурс за базите на податоци, за годишници и за специјализирани меѓународни публикации за радиодиуфзијата во Р. Македонија. Со податоци за македонските телевизиски станици (име, адреса, датум на доделување на концесиите и нивни веб-адреси) наскоро ќе бидеме достапни на WEB страната на ЕПРА).

Билтените на Советот за радиодифузија, освен во нашата земја, се испраќаат и на околу 150 регулаторни тела ширум Европа, како и на Советот на Европа и на Европската комисија.

## Заклучни согледувања

1. По три години од конституирањето на Советот за радиодифузија може да се констатира дека во радиодифузијата во Македонија е конституиран реален плурализам, почна емитувањето од Македонија на сателитска програма и во тек е доделувањето концесии за кабелската дистрибуција на радио и на телевизиските програми, со што е завршена првата фаза од спроведувањето на Законот за радиодифузната дејност.

2. Програмскиот и сопственичкиот плурализам во електронските медиуми Советот, со својата генерална политика, го поттикнува со низа конкретни мерки за поддршка на економското и на деловното работење.

3. По одржувањето на Работилницата за радиодифузната регулатива во соработка со Советот на Европа се создадени претпоставки за пристапување кон изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност.

4. Со пристапувањето кон Конвенцијата за прекугранична телевизија на Советот на Европа се забрзува процесот на хармонизација на радиодифузното законодавство на Република Македонија со европските стандарди.

5. При изменувањата и дополнувањата на Законот особено внимание ќе им се посвети на заштитата на децата, на рекламирањето, на спонзорството и на развојот на новите сервиси.

6. Врз основа на меѓународните искуства е потребно во новата регулатива да ѝ се посвети внимание на конвергенцијата.

7. Во Собранието да се поттикне расправа за новите технологии во услови на конвергенција на електронските медиуми, на телекомуникациите и на информатиката со задача да се формулира стратегија за примена на новите технологии и сервиси.

8. Советот за радиодифузија во соработка со Советот на Европа ја оствари подготвителната фаза за пристапување кон измени и дополнувања на Законот за радиодифузната дејност. Собранието треба да формира работно тело кое од септември 2000 година ќе започне со конкретни активности во врска со ова, поаѓајќи и од обврските што ќе произлезат за хармонизација на регулативата по потпишувањето на договорот за асоцијација со Европската унија.

*Лектура*
Снежана Веновска - Антевска

*Графичко обликување*
Славјанка Петрушева

*Печати*
ФОРУМ - Скопје

Тираж: 350 примероци